20260601001

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25, 247/25 и 267/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 март 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ПРИМЕНА НА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА

Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиот период на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на кризна состојба поради можност за настанување на пореметувања на снабдувањето со нафта и нафтени деривати на населението.

Член 2

(1) Енергентите за кои се применува повластената стапка на данокот на додадена вредност од 10% се распоредени во следниве тарифни броеви / подброеви / ознаки / глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 2710124500 | Со октански број ( RON)  од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2. | 2710124900 | Со октански број ( RON)  од 98 или поголем |
| 3. | 2710194200 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса |
| 4. | 2710194400 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса: Друго |
| 5. | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0,002% по маса |
| 6. | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0.002% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 7. | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 8. | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 9. | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0.1% по маса |
| 10. | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 00:01 часот на 24 март 2026 година до 24:00 часот на 6 април 2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-3003/5 | Претседател на Владата |
| 22 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |